Растислав Терзиоски и "Прилог кон новопронајдената ракописна оставнина на Владимир Ковачев (1875-1910), "Песни за Македонија" од Зоран Тодоровски.

Во последниот дел од списанието се наоѓаат критиките, рецензиите и приказите на најнови научни дела, како и делот на соопштенијата (стр. 191-230).

Никола ЖЕЖОВ

## ГЛАСНИК НА ИНСТИТУТОТ ЗА НАЦИОНАЛНА ИСТОРИЈА, година 40, бр. 2, стр. 270, Скопје, 1996 година

Во овој број на ГИНИ се внесени 11 научни статии, со теми од различни историски периоди.

Владо Поповски во статијата "Државнотворниот карактер на востанијата и превирањата во Македонија во источната криза 1875-1881 година" (стр. 7-26), направил преглед на бурните настани во Македонија, во 70-те и 80-тегодини на минатиот век, со поголем акцент на државно-правниот карактер на актите и документите на овие настани, што го означувале почетокот на македонската државност. Поповски во овој контекст ги разгледал: Разловечкото востание 1876, востаничките активности во североисточна Македонија во 1878 година, Кресненското востание 1878, Македонската лига, Националното собрание на Македонија, Привремената влада на Македонија 1880 година и Брсјачката буна 1878-1881 година.

Во статијата "Виктор Берар и солунските атентатори во 1903 година" (стр. 27-44), авторот Манол Пандевски го претставил францускиот историчар, публицист и политичар Виктор Берар, кој преку своите говори, јавни настапи и преку неговата монографија "За Македонија", се претставил како голем бранител на делото на солунските атентатори и воопшто, на македонското ослободително движење, пред лицето на конзервативна Европа, која е непријателски расположена кон револуционерното движење во поробена Македонија.

Со употребата на документите од бугарските и српските архиви и разни монографии, статии и други материјали, Зоран Тодоровски во статијата "Врските на ВМРО со Италија во периодот меѓу свете светски војни" (стр. 45-65), претставил детален осврт на блиската соработка што ВМРО на Тодор Александров, а подоцна и Иван Михајлов, ја имала со фашистичка Италија, во периодот од 1918-1941 година.

Опис на појавата на првите училишта во Велес, во кои наставата се одвивала на народен македонски јазик, како и поширок список на учителскиот кадар, што поминал низ овие училишта, е даден во статијата на Александар Трајановски "Почетоци на националната преродба во Велес и Велешко од крајот на XVIII до средината на втората половина на XIX век" (стр. 67-82).

Петтата статија "Григор Прличев и Ѓорѓија Пулевски" (стр. 83-95), авторот Ванчо Тушевски ја посветил на горенаведените македонски преродбеници. Тој со богата фактографија, во статијата се осврнал на сличностите и разликите во пишувањата на Прличев и Пулевски, за чинот на укинувањето на Охридската архиепископија во 1767 година.

Истражувањата во македонските цркви и манастири од страна на рускиот славист и македонист Виктор Григорович во 1844/45 година, се прикажани во статијата на Боро Мокров "Сто и педесет години од патешествието на Виктор Григорович по Македонија" (стр. 97-104).

Глигор Тодоровски во статијата "Осврт за верскиот и општествениот живот на муслиманите во Македонија меѓу двете светски војни и по ослободувањето" (стр.

105-118), ја опишал организациската поставеност на муслиманската верска заедница, пред и по Втората светска војна, различните муслимански секти во Македонија, а се задржал и на непријателскиот став на различните групи со муслиманска верска основа кон новоформираната комунистичка власт во Македонија, по ослободувањето.

"Колонизацијата и колонистите во Македонија 1945-1948 година" (стр. 119-140), на Виолета Ачкоска е осмата научна статија во овој број на ГИНИ. Ачкоска во ова статија ја разгледува внатрешната колонизација, како и т.н. сојузна колонизација во ДФЈ т.е. ФНРЈ, со сите нивни слабости и предности и сето ова поткрепено со богата документација од овој период.

Кочо Сидовски во статијата "Трговските односи на Македонија со Италија со посебен акцент на износот во периодот 1870-1903 година" (стр. 151-158), преку користење пред сѐ на италјански и француски документи, ја претставува обемната трговска размена меѓу Македонија и Италија.

Спиридон Благоев, статијата "Тајната дипломатија во текот на Граѓанската војна во Грција и македонското прашање" (стр. 159-183), ја посветил на дипломатските интриги и надмудрувања на Велика Британија, САД и Советскиот Сојуз во однос на македонското прашање во Егејска Македонија во периодот 1945-1948 година, од што најголема штета претрпел македонскиот народ, бидејќи по којзнае кој пат била изманипулирана паролата за обединета и независна Македонија од страна на гореневедените држави.

Статијта "Д-р Рајс, Швајцарец на Кајмачкалан, српски дописник, македонски симпатизер, криминалистички пионер" (стр. 185-199), на Васил Василевски претставува интересен приказ за Рудолф Арчибалд Рајс (1875-1929), човек од богато семејство, хемичар, научен фотограф и криминалистички експерт со светски глас, доктор на науки и човек којшто своето тело го остави во Србија, а срцето во Македонија.

Во делот Материјали од стр. 201 до 222 се поместени:
"Неколку документи за основање Македонско друштво во Киев, Украина, 1900 година" од Михајло Миноски и "Заложбата на Австро-Унгарија за спроведување на нејзината балканска политика во квечерината на предбукурешките договарања (1913 година)" од Ѓорѓи Стојчевски.

Критиките, рецензиите и приказите се наоѓаат од 223 до 270 страна.

На крајот треба да се напомене дека излегоа уште два броја на ГИНИ: во едниот е претставена библиографијата на објавени трудови во Гласникот за периодот од 1987 до 1996 година, а другиот е издание на избор статии преведени на неколку странски јазици: англиски, германски и руски јазик.

Во списанието се поместени следниве статии:

- Novica Veljanovski, The fiftieth anniversary of the first session of ASNOM, (5-15).
- Andrew Rossos, Macedonianism and Macedonian Nationalism on the left (15-44).
- Stojan Kisselinovski, Le national et l'etatique dans le mouvement revolutionnaire macedonien 1893-1944, (45-50).
- Kosta Adzievski, Pelagonija in der Zeit des kaiserreich von Samuel, II, (51-65).
- Koco Sidovski, Les temoignages italians sur l'activité de L'ORIM 1893-1908, (67-76).
- Zoran Todorovski, Military organization, strategy and tactics of VMRO during 1925-1934, (77-93).
- Александар Трайановски, Македония и международных отношениях на Балканах 1914-1918, (95-118).
- Александар Марковски, Триста лет восстания Карпоша, (119-125).
- Alexandar Stojanovski, La mine d'arsenic (zernih) de Rojden aux XV ème et XVI ème siècles, (127-135).
- Милан Бошкоски, Пребывание византийских императоров в Македонии в XII и начале XIII веков, (137-161).
- Biljana Popovska-Netkovska, Position and rights of nationalities in the constitutional system of the Republic of Macedonia (163-169).

- Darinka Petreska, Les temoignages diplomatiques francais sur la question nationale macedonienne après la Première guerre mondiale, (171-184).

Никола ЖЕЖОВ

## ИСТОРИОГРАФИЈА НА МАКЕДОНИЈА 1986-1995, IV, СДИРМ, Скопје, 1997, 223

Сојузот на друштвата на историчари на Македонија (СДИРМ) годинава го издаде, долгоочекуваниот, **четврти том** од едицијата "Историографија на Македонија", во кој се презентирани 2204 библиографски единици за периодот 1986-1995 година.

Во неговото подготвување, под редакција на д-р Александар Трајановски, учествуваа: м-р Митко Б. Панов (I дел); м-р Ахмед Шериф (II дел); Никола Јордановски (III дел); д-р Надежда Цветковска (IV дел); д-р Ѓорѓи Малковски и Љубица Гонева (V дел) и д-р Виолета Ачкоска (VI дел). Делото е составено од предговор на македонски и француски јазик; список на периодични изданија; кратенки и шест тематски делови кои го покриваат периодот од праисторија до 1985 год.

На крајот од секој тематски дел, се дава преглед на објавени историографии, библиографии, хронологии и учебници, кои го опфаќаат односниот период.

Во првиот дел "Македонија од праисторијата до крајот на XIV век", (17-52), се прави обид што поцелосно да се презентираат објавените библиографски единици кои се однесуваат на овој долг временски период. Овој тематски дел е поделен на два покрупни наслови. Под првиот наслов презентирани се авторите и нивните трудови кои обработуваат теми од: античката историја на Македонија (В. Тупурковски, Н. Проева, П. Хр. Илиевски и др.); историскиот развој на палеобалканските народи и култури (Е. Петрова, В. Битракова-Грозданова и др.), а се дава осврт и на проучувачите на материјалните остатоци, главно од античкиот период (Е. Петрова, В. Битракова-Грозданова, И. Микулчиќ, В. Лилчиќ и др.). Во рамките на вториот наслов се претставуваат објавени трудови кои се однесуваат на средновековната историја на Македонија. Со издавање на изворен материјал се пројавиле: В. Деспотова, Л. Славева, М. Георгиевски, В. Мошин и др. За развојот на општествено-политичката и економската средновековна историја, со своите трудови особен придонес дале: Т. Томовски, Б. Панов, К. Аџиевски, С. Антољак и др. Значајни резултати се постигнати и во проучувањето на средновековната македонската културна историја за што особена заслуга имаат: Б. Алексова, Д. Коцо, Ц. Грозданов, В. Стојчевска-Антиќ, Х. Поленаковиќ и др.

Вториот дел носи наслов "Македонија во времето на османлиското владеење (од XIV до XIX век)", (53-63). Овде критички се презентираат речиси сите трудови на македонската историографија кои временски ја обработуваат оваа проблематика. Прво се прикажуваат зборниците и прилозите кои објавуваат турски документи (А. Стојановски, А. Матковски, В. Бошков, Д. Георгиев, Л. Благадуша и др.). Потоа се дава осврт на другите публикации (монографии, зборници од научни собири, статии и др.), кои се однесуваат на: административно-територијалната поделба; историјата на поедини краеви, места или градови;